ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki, Gradski park bb, Macedonia e-mail: chessmkd@t.mk

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број32-25/мај 28 , 2025година

РАСПИС ЗА ПРВЕНСТВА НА РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА за млади за 2025 година

(за девојчиња и момчиња до 08,10,12,14,16 и 18 години)

1. **Првенствата на Македонија за млади до 08,10,12,14,16 и 18 години ќе се одржат во Струмица, од 16-22 јуни 2025 година**, **во хотел „СИРИУС“,** во организација на Шаховската федерација на Македонија.
2. Пријави за учество на Првенствата на Македонија за млади за 2025 година.
   2.1. **Пријавите за учество** (со презиме,име и дата на раѓање) треба да се испратат на е-маил: Marjan.mitkov@gambit.com и zoran_ilik@yahoo.com , најдоцна **до 14 јуни 2025 година**.
   2.2. Првенствата на Македонија за момчиња до 10, 12, 14, 16 и 18 години ќе бидат пријавени во ФИДЕ за рејтингување. Натпреварувачите во овие категории (кои се без ФИДЕ код) со пријавувањето треба да достават и сопствена електронска адреса.
   2.3. Првенствата на Македонија за девојчиња ќе бидат рејтингувани во ФИДЕ доколку судиската комисија при ШФМ констатира дека ги исполнуваат условите за тоа.
   2.4. Пријавените учесници за Првенствата на Македонија за млади мора да го потврдат своето учество со присуство во салата за игра **на 16 јуни (понеделник) 2025 година, најдоцна до 12:00 часот.** Првото коло почнува во **16:00 часот**. Турнирите во одредени возрасни групи можно е да завршат и порано, но најдоцна како последен ден за играње е Сабота 21, Јуни во 16:00 часот
3. Право на учество имаат девојчиња и момчиња, кои со годината на раѓање одговараат на својата група и помлади, државјани на Република Македонија. Како доказ за година на раѓање ќе послужи лична карта или извод од книгата на родени.
4. Шахист или шахистка може да настапи само во една категорија.
5. Момчињата и девојчињата, според годината на раѓање, ќе играат одделни турнири по категории.
6. Два натпреварувачи пријавени во некоја категорија се доволни за организирање на посебен турнир.
7. Во зависност од бројот на учесници, Првенствата се играат по Швајцарски или по Бергер систем. Доколку бројот на деца во одредена возрасна група е помал и еднаков од 8 се играат Бергер турнир, во спротивно се играат Швајцарски систем од 5 кола за 8-10 играчи, 6 кола за 11 до 14 играчи или 7 кола доколку бројот на играчи е помеѓу 15-30 играчи (во еден ден ќе се игра 3 и 4 коло). Доколку има над 30 играчи во некоја возрасна категорија ќе се играат 8 кола (во еден ден ќе се игра 3 и 4 коло, како и 6 и 7 коло).
   На Бергер турнирите при ист број на бодови одлучуваат следните дополнителни критериуми:
   1. Меѓусебна средба
   2. Успех со победници, (КОУА систем),
   3. Успех со сите играчи Сонеборн- Бергер,

4. Поголем број на победи

За турнирите со швајцарски систем, дополнителни критериуми за ист број на бодови се:

1. Бухолц -1
2. Бухолц
3. Меѓусебна средба
4. Прогресивен резултат (кумулативен резултат по коло)
5. Број на победи

8. Партиципацијата за учество : **600 денари**
9. Организаторот, по потреба, го задржува правото да одржи и две кола во еден ден.
10. Првенствата се играат според Правилата за игра на ФИДЕ .
11. Темпо на игра е 90 минути по играч за цела партија, со додаток од 30 секунди по потег почнувајќи од првиот. За возрасната категорија до 08 години темпото на игра ќе биде 30 минути по играч, со додаток 30 секунди по потег почнувајќи од првиот
12. Победнички трофеи, медали и дипломи ќе им бидат поделени на најуспешните натпреварувачи во секоја категорија.
13. На турнирот ќе има официјален доктор кој ќе биде присутен за цело време на турнирот.
14. **Цени на услуги во хотел "СИРИУС" Струмица**

- **полн пансион 3.400,00 денари по лице на ден во еднокреветна соба**
- **полн пансион 2.350,00 денари по лице на ден во двокреветна соба**
- **за деца до 6 години учесници на турнирот е бесплатно**
- **за деца од 07 до 12 години кои се придружба на учесник на турнирот цената е 1.800,00 денари**
- **за деца над 12 години кои се придружба на учесник на турнирот се наплаќа цела сума 2.350,00 денари**
- **за родител кој е придружба на учесник на турнирот се плаќа 2.350,00 денари**
- **за време на појадокот има вклучено безалкохолни пијалаци**
- **Пијалоците за време на ручекот и вечерата не се вклучени**
- **појадокот е на шведска маса**
- **пансиони ручек /вечера(салата, главно јадење со прилог и десерт)**
- **користењето на Спа & Велнес центарот е гратис**

Пансионот започнува на 15 јуни со вечера како ден на доаѓање, а завршува со ручек на 22 јуни 2025 година како ден за заминување. Корисникот на услугата се обврзува плаќањето да го изврши пред почетокот на натпреварите, на лице место во готово или на фактура.

ХОТЛ СИРИУС -Струмица
Село КУКЛИШ бр.700
Жиро сметка: 200-0000291285-10
Депонент: Стопанска Банка
ЕДБ: МК4027999122949

Скопје, 28.05.2025

Шаховска федерација на Македонија
генерален секретар, Марјан Митков

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ